МЕСЕЦ НА МАКЕДОНСКАТА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО ХРАВАТСКА

# Презентација на македонската уметничка сцена во Загреб

*Целта не е да се покажат најдобрите туку современите, високо репрезентативни дела на македонската уметност*

ЛИЛЈАНА МИТЕВСКА

Вечерва, во Друштвото на ликовните уметници на Хрватска, популарно наречена "Џамија", со отворањето на изложбата "Скриени текстови", на која ќе бидат претставени шест современи ликовни уметници од Македонија започнува манифестацијата насловена како "Месец на македонската современа уметност во Хрватска". Со свои дела на изложбата во ова огромно кружно здание, едно од најпрестижните изложбени простори во Загреб, кое воедно претставува најпогоден простор за интернационални изложби, ќе се претстават Жанета Вангели, Станко Павловски, Љупка Делева, Оливер Мусовиќ, Томе Аџиевски и Кристина Ивановска. Куратори на изложбата се Соња Абаџиева, куратор во Музејот на современа уметност во Скопје и Небојша Вилиќ од Факултетот за драмски уметности во Скопје. Отворањето на "Месецот на македонската современа уметност во Хрватска" ќе биде збогатено со концертот на електронска музика која ја создава Б.О.Р.Г., кој на целото случување ќе му даде посилно и порбано чувство.

"Главната цел е презентација на нашите уметници и нивните уметнички достигнувања на загребската публика. Оваа манифестација нема за цел да го покаже најдоброто од македонската уметничка сцена, туку ќе се фокусира на современите, квалитетни и високо репрезентативни дела кои достигнуваат европски и светски стандарди. Покрај делата со висок квалитет, избрани се и дела на автори кои досега не биле претставени пред загребската публика" вели Круносав Стојановски, организаторот на оваа манифестација. Инаку не помалку важен дел од проектот се средбите со уметниците, кустосите, историчарите на уметноста, новинарите... со цел да се возобноват старите контакти и да се создаде основа за нова соработка помеѓу уметниците од двете страни. Ова ќе биде овозможено преку разните форми на презентација, изложбите, концертите, перформансите и посебно низ специјално наменетите за за оваа цел тркалезни маси, отворени дискусии и предавања. Инаку овој проект е замислен да го одрази, урбаниот современ начин на комуникација. Покрај тоа што презентацијата на уметничките дела е важен дел од овој проект, тоа претставува само основа за воспоставување на пошироки културни релации.

Во текот на манифестацијата "Месец на македонската современа уметност во Хрватска", освен со изложбата "Скриени текстови", македонската ликовна сцена ќе биде претставена и низ повеќе дополнителни изложби. Во галеријата "Нова", со свои самостојни изложби ќе бидат претставени Елизабета Аврамовска и Јане Чаловски, кој во моментов живее и работи во Филаделфија, во САД. Своја изложба, на 1 јуни, ќе има и нашиот познат филмски режисер, Милчо Манчевски, чија изложба на фотографии, "Улица", веќе доживеа една успешна турнеа низ Европа, а особено беше забележана во земјите на Скандинавија, Бенелукс и Италија. Интересно е што со своја изложба ќе биде присутен и македонскиот авнгарден стрип. На изложбата во галеријата "Матица Хрватска", ќе бидат претставени осум стрип автори, избор на Никола Гелевски.


Тони Китановски

Македонскиот филм ќе биде претставен со проекциите на следните филмски остварувања: "Маклабас" на Александар Станковски, "Збогум на 20 век" на Александар Поповски и Дарко Митревски, "Клок", "Кавал", и "Гајда" на Игор Иванов - Изи. "1/4" на Атанас Георгиев,. "Вета" на Теона Митевска и "Процесија" на Драган Абјаник. Интересен настан во овој домен е тркалезната маса на која Жанета Вангели, Александар Станковски и Никола Гелевски заедно со некои релевантни имиња од Хрватска ќе говорат за авангардниот филм и за авангардниот стрип како важни сегменти на урбаната субкултура.

Во сферата на музичките настани ќе доминира џезот, електрониката, етно-амбиенталната музика и хард кор стилот. Свои музички настапи ќе имаат Тони Китановски, едно од најпознатите имиња на македонската џез сцена, кој досега има соработувано со бројни музичари од Европа и САД и кој со своето трио, на 28 мај, ќе настапи во клубот "Аквариус". По неговиот концерт во истиот клуб ќе настапи групата "Фолтин" од Битола, која во својата музика вклучува елементи на џез, класика и етно. Тони Китановски ќе настапи како гостин на нивниот концерт. Од сферата на електронската музика, која станува се повлијателен музички стил последнава декада, на денот на отворањето на оваа манифестација, концерт ќе има Б.О.Р.Г., во "Творница", пред кој со свој перформанс ќе настапи Нора Стојановиќ. Следат концертите на "Анастасија", во клубот "Аквариус" на 29 мај, на хард кор бендот "Tank warning net" и на "Sentence" кои ќе настапат во алтернативниот концертен простор "Мочвара".

Слична ваква презентација, но на хрватската уметничка сцена се планира да биде организирана во Македонија со цел да се изврши трансфер на стекнатите идеи и искуства. Инаку манифестацијата "Месец на македонската современа уметност во Хрватска" е поддржана од Министерствата за култура на двете земји.